Акционерско друштво
ОРАНЖЕРИИ
Бр. 03-796
30.04 20 24 год.

Врз основа на член 383,384 и 387 од Законот за трговски друштва (Сл. Весник на РМ 28/04) а согласно својата Одлука донесена на ден 30.04.2024 година Управниот одбор на АД Оранжерии Хамзали, објавува :

# ЈАВЕН ПОВИК

За одржување собрание на акционери на

АД Оранжерии - Хамзали, кое ке се одржи на ден

03.06.2024 год (Понеделник) со почеток во 10,00 часот во просториите

на седиштето на Друштвото, со следниот

## Дневен ред

1. Избор на записничар и двајца уверувачи на записникот
2. Верификација на списокот на присутни акционери односно полномошници
3. Утврдување на кворум за работа и одлучување
4. Избор на председавач на собранието
5. Усвојување на записникот од претодната седница на собранието
6. Разгледување на годишната сметка и работењето за деловната 2023 година и донесување на одлука за усвојување
7. Донесување на Одлука да добивката утврдена во завршната сметка за 2023 год. не се исплаќа како дивиденда на акционерите и истата да се реинвестира
8. Разгледување и усвојување на Годишен извештај за работата на Управниот Одбор на АД Оранжерии Хамзали
9. Извештај за завршната ревизија за 2023 година со мислење од овластен ревизор
10. Донесување на Одлука за именување овластен ревизор за годишната сметка за 2024 година

Секој акционер кој има намера да учествува во работата на собранието е должен да го пријави своето учество најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното собрание.

Секој акционер може да овласти со полномошно свој полномошник на собранието кое полномошно треба да биде заверено кај нотар а за полномошник може да биде определено лице согласно одредбите од член 392 од Законот за трговски друштва.

Акционерите можат да вршат увид на материјалите како и за други информации и обрасци поврзани во врска со дневниот ред и одржувањето на годишното собрание како во седиштето на акционерското друштво така и на веб страницата на АД Оранжерии Хамзали - www.adoranzerii-hamzali.com.mk

Пресeдател на УО

Васе Митев од Струмица